**20230791515**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

Врз основа на член 41 став 4 од Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16 и 53/16), министерот за здравство донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА РЕЦЕПТОТ, КАКО И НАЧИНОТ ЗА ПРЕПИШУВАЊЕ НА ЛЕКОВИТЕ КОИ СОДРЖАТ СУПСТАНЦИИ И РАСТЕНИЈА КЛАСИФИЦИРАНИ ВО ЛИСТИТЕ II И III

Член 1

Во Правилникот за образецот на рецептот, како и начинот за препишување на лековите кои содржат супстанции и растенија класифицирани во Листите II и III („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/16) во член 7 став 2 алинејата 10 се менува и гласи:

„- магистрални лекови - препарати од канабис кои содржат повеќе од 0,2% тетрахидроканабинол ТХЦ во количина потребна за лекување најмногу до 30 дена.“

Ставот 3 се менува и гласи:

„Магистралните лекови од став 2 алинеја 10 на овој член, се препишуваат за употреба при медицински индикации кај пациенти:

- со малигни заболувања;
- заболени од мултиплекс склероза;
- заболени од ХИВ;
- со тешки епилептични синдроми во детска возраст;
- со невропатска болка и
- за палиативна нега.“

Член 2

Во член 8 по ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„За магистралните лекови од член 7 став 2 алинеја 10 од овој правилник, лекарот на рецептот ја препишува и:

- количината на тетрахидроканабинол ТХЦ за поединечна доза на препарати од канабис,
- број на поединечните дози,
- дозирање и
- начин на употреба.“

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 19-2755/3
6 април 2023 година
Скопје

Министер за здравство,
д-р **Fatmir Mexhiti,** с.р.